РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Арх. бр. 02-3815/1
18.12.2023 година
Скопје

Врз основа на член 110 став 1 точка 8 и член 173 од Законот за високо образование (,,Службен весник на Република Македонија'' бр. 82/2018 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр. 178/2021) член 42 Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018, 426/2019), на предлог на рецензентската комисија во состав: проф. д-р Соња Апостолска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, проф. д-р Илијана Муратовска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје и проф. д-р Василка Ренџова,редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, чиј реферат е објавен во Универзитетскиот билтен бр. 1296 од 1.12.2023 година, Наставно-научниот совет на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје, на 66-та редовна седница одржана на 18.12.2023 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за избор и вработување во соработничко звање - асистент

**Член 1**

СЕ ПРИФАЌА рефератот на рецензентската комисија објавен во Билтен на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје бр. 1296 од 1.12.2023 годин за избор на д-р МАРИЈА АНДОНОВСКА во соработничко звање - АСИСТЕНТ од научната област дентална патологија на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје.

**Член 2**

СЕ ИЗБИРА И СЕ ВРАБОТУВА д-р МАРИЈА АНДОНОВСКА во соработничко звање - АСИСТЕНТ од научната област дентална патологија на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Д Е К А Н**
**Проф. д-р Ќиро Ивановски**

Изработил: Елизабета Алексовска
Одобрил: Нас.доц д-р Влатко Коколански, секретар

Доставено до:

- Архива
- Именуваниот,
- Сметководство